РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Бр. 09-793/1
28-9 2020
Скопје

Врз основа на член 6 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за избор на научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност (бр. 02 -611/14 од 29.5.2018 год), Одборот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ објавува

# **КОНКУРС**
## **за избор на најдобри научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за 2019 година**

1. Со овој Конкурс се доделуваат награди на најдобрите научници и уметник на единиците во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2019 година.
2. Право на учество на Конкурсот има секој истражувач што е во работен однос на единица на Универзитетот. Согласно член 10 од Правилникот, за научник односно уметник на годината, лицето може да биде избрано еднаш во кариерата.
3. Предлози за избор на научници, односно уметник кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката, односно уметничката дејност, до Одборот може да поднесат: единицата, односно повеќе единици на УКИМ од соодветното подрачје. Предлагачите треба подробно да го образложат предлогот.
4. Кандидатите за добивањето на наградата, **<u>најдоцна до 16.10.2020 година</u> треба да ги достават документите во архивата на единицата, со назнака за продеканот за наука, односно до лицето одговорно за наука во својата институција** треба да достават:
   - **пријава;**
   - **кратка биографија;**
   - **преглед на објавени научни трудови и на научни активности за кои се објавени резултати во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година;**
   - **по еден примерок од секој труд наведен во прегледот**
5. Во постапката на евалуацијата на доставените пријави, секоја единица треба да ги земе предвид активностите кои се наведени во Критериумите за избор.
6. Единицата на Универзитетот, односно продеканот за наука/лицето одговорно за наука во единицата, комплетниот материјал за прворангираниот кандидат

за добивање на наградата најдобар научник/уметник за 2019 година од својата институција, треба **да го достави до УКИМ, во хартиена, во електронска форма на CD, и преку електронска пошта на следната е-меил адреса: odd.nauka@ukim.edu.mk, најдоцна до 21.10.2020 година.**

## КРИТЕРИУМИ
## за избор на шест најдобри научници и најдобар уметник на Универзитетот за 2019 година

За научници на УКИМ, кои во една календарска година покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност, можат да бидат избрани најмногу 6 (шест) кандидати, од секое научноистражувачко подрачје (природно-математички, медицински, технички, биотехнички, општествени и хуманистички науки) најмногу по еден кандидат. На УКИМ може да се избере и еден најдобар уметник.

Одборот за избор на научници на УКИМ врши евалуација на поднесената документација на сите предложени и пријавени кандидати и донесува конечна одлука за избор.

### Активности што ќе се вреднуваат

(наведени по приоритет; I до IV за научници; V за уметници)

I

1. Научна монографија објавена од престижна издавачка куќа (преглед на издавачи според Thomson Reuters).
2. Прегледен труд во списание референрано во Thomson Reuters или во Scopus.
3. Статија (оригинален научен труд) во списание реферирано во Thomson Reuters или во Scopus.
4. Статија (кратко соопштение) во списание реферирано во Thomson Reuters или во Scopus.

II

1. Научна монографија објавена во странство
2. Прегледен труд во меѓународно научно списание (нереферирано во Scopus/TR).
3. Статија (оригинален научен труд) во списание нереферирано во Thomson Reuters или во Scopus.
4. Статија (кратко соопштение) во списание нереферирано во Thomson Reuters или во Scopus.

III

1. Научна монографија објавена во земјата.
2. Прегледен труд во национално научно списание.
3. Статија (оригинален научен труд) во национално списание.
4. Статија (кратко соопштение) во национално списание.

IV

1. Статија во зборник на трудови од научен собир (интернационален).
2. Статија во зборник на трудови од научен собир (национален).
3. Поканет предавач на научен собир во странство.
4. Поканет предавач на научен собир во земјата.

V

1. Концерт/изложба/претстава/филм презентиран-а во странство.
2. Награда за настан (в. погоре) добиена во странство.
3. Позитивна критика за настан (в. погоре) во странство.
4. Концерт/изложба/претстава/филм презентиран-а во РМ.
5. Награда за настан (в. погоре) добиена во РМ.
6. Позитивна критика за настан (в. погоре) во РМ.

**Претседател на Одборот за избор на научници и уметник на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk